ЗАМП
МАКЕДОНИЈА

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА**
ул.М.Теодосиј Гологанов бр.28
тел.02/3122-301 моб. 078 225 406
Ж.С.300000000271636
Дан.Број 4030998346739
Комерцијална Банка АД Скопје
e-mail: zamp@zamp.com.mk

*Редовна членка на CISAC*
*Меѓународна Конфедерација на Друштва на композитори и автори*

*Редовна членка на BIEM*
*Меѓународно биро за механички изданија*

**Предмет: Известување**

**Наш бр. 701-1-03**
**28.12.2016 год**

Почитувани,

Согласно член 135 –а став (1) од Законот за авторско право и сродните права “Сл.весник на РМ” број 115/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16 заради електронско евидентирање, обработка на податоци, следење и контрола над емитуваните авторски дела, ЗАМП инсталира кај радио-телевизиските организации систем за електронско евидентирање на емитуваните авторски дела (во натамошниот текст: систем за електронска евиденција). Преку системот за електронска евиденција се врши електронско евидентирање, обработка на податоци, следење и контрола над емитуваните авторски дела односно предмети на сродни права.

Врз основа на член 135-в ЗАМП став ((6) од ЗАПСП, ЗАМП изработи и ќе им овозможи на авторите и носителите на авторски права, увид во податоците од системот за електронска евиденција кои се однесуваат на нивните емитувани авторски дела.

Увидот ќе Ви се овозможи преку посебна корисничка сметка со корисничко име и лозинка.

Пристапот Ви е овозможен на веб страната на ЗАМП www.zamp.com.mk во делот ***Пристап на автори за пријава во увид на податоци од системот за електронска евиденција.*** За да Ви биде овозможен пристапот должни сте претходно да се регистрирате со Вашите податоци на www.zamp.com.mk во делот ***Регистрација на автор*** како би можело по проверка на истите ЗАМП да Ви додели корисничко име и лозинка.

**Напомена: Пожелно е, а воедно и во Ваш интерес е за сите Ваши авторски дела да доставите аудио записи до ЗАМП со цел за истите да се направи препознавање во системот за електронска евиденција.**

**Здружение за заштита на**
**авторски музички права – ЗАМП**
**Директор**
**Зоран Васковски**